**20222513670**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ ЕВРОПСКАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА РЕГИОНАЛНИОТ ПРОЕКТ ЗА ЦВРСТ ОТПАД

Се прогласува Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за финансирање на регионалниот проект за цврст отпад,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 18 ноември 2022 година.

Бр. 08-4823/1
18 ноември 2022 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ ЕВРОПСКАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА РЕГИОНАЛНИОТ ПРОЕКТ ЗА ЦВРСТ ОТПАД

Член 1

Република Северна Македонија се задолжува кај Европската банка за обнова и развој со заем во износ од 55.000.000 евра наменет за финансирање на Регионалниот проект за цврст отпад.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од членот 1 од овој закон, се утврдуваат со Договорот за заем, кој ќе се склучи меѓу Република Северна Македонија и Европската банка за обнова и развој.

Во име на Република Северна Македонија, Договорот за заем од ставот 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии.

Член 3

Заемот од членот 1 од овој закон се доделува во две транши. Првата транша е во износ од 47.500.000 евра, а втората транша е во износ од 7.500.000 евра.

Рокот за отплата на првата транша од заемот е 15 години, со вклучен грејс-период од четири години. Првата транша од заемот ќе се отплаќа на 22 полугодишни рати, на 20 април и на 20 октомври секоја година, започнувајќи од првиот датум од навршување на четвртата година од склучување на Договорот за заем.

Рокот за отплата на втората транша од заемот е 15 години, со вклучен грејс-период од четири години. Втората транша од заемот ќе се отплаќа на 22 полугодишни рати, на 20 април и на 20 октомври секоја година, започнувајќи од првиот датум од навршување на четвртата година од денот на достапноста за користење на втората транша.

Каматната стапка е варијабилна и се состои од шестмесечен ЕУРИБОР зголемен за маргина од 1%.

Република Северна Македонија ќе ѝ плати на Европската банка за обнова и развој еднократна провизија во висина од 1% од износот на првата транша во рок од седум дена од денот на ефективност на траншата.

Република Северна Македонија ќе ѝ плати на Европската банка за обнова и развој еднократна провизија во висина од 1% од износот на втората транша во рок од седум дена од денот на достапноста за користење на втората транша.

Република Северна Македонија ќе ѝ плаќа на Европската банка за обнова и развој провизија за неповлечени средства во висина од 0,5% од заемот на годишно ниво.

Провизијата за неповлечени средства за првата транша ќе започне да се пресметува по 60 дена од денот на потпишувањето на Договорот за заем од членот 2 од овој закон.

Провизијата за неповлечени средства за втората транша ќе започне да се пресметува по 60 дена од денот на достапноста за користењето на втората транша.

Член 4

Проектот од членот 1 од овој закон ќе го имплементира Министерството за животна средина и просторно планирање.

Член 5

За реализација на проектот од членот 1 од овој закон, Министерството за животна средина и просторно планирање ќе склучи Проектен договор со Европската банка за обнова и развој.

Член 6

Република Северна Македонија заемот од членот 1 од овој закон ќе го отплаќа од Буџетот на Република Северна Македонија.

Член 7

Прометот на добра и услуги извршен кон Министерството за животна средина и просторно планирање, наменети за реализација на Регионалниот проект за цврст отпад, финансиран со Договорот за заем од членот 2 од овој закон е ослободен од данок на додадена вредност со право на одбивка на претходниот данок.

Увозот на добра/стоки извршен од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање, наменети за Регионалниот проект за цврст отпад, финансиран со Договорот за заем од членот 2 од овој закон е ослободен од данок на додадена вредност, увозни давачки и акциза на енергенти и данок на моторни возила за патнички автомобили.

За прометот кој е извршен кон Министерството за животна средина и просторно планирање, наменет за реализација на Регионалниот проект за цврст отпад, финансиран со Договорот за заем од членот 2 од овој закон, за кој истиот е даночен должник согласно со членот 32 точка 4 и членот 32-а од Законот за данокот на додадена вредност е ослободен од обврската да пресмета и да плати данок на додадена вредност.

Прометот на добра и услуги извршен кон избраниот изведувач од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање, кој ќе ги врши договорните работи наменети за реализација на Регионалниот проект за цврст отпад, финансиран со Договорот за заем од членот 2 од овој закон е ослободен од данок на додадена вредност со право на одбивка на претходниот данок.

Увозот на добра/стоки извршен од избраниот изведувач од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање, наменети за Регионалниот проект за цврст отпад, финансиран со Договорот за заем од членот 2 од овој закон е ослободен од данок на додадена вредност, увозни давачки и акциза на енергенти и данок на моторни возила за патнички автомобили.

За прометот кој е извршен кон избраниот изведувач од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање, кој ќе ги врши договорните работи наменети за реализација на Регионалниот проект за цврст отпад, финансиран со Договорот за заем од членот 2 од овој закон, за кој истиот е даночен должник согласно со членот 32 точка 4 и членот 32-а од Законот за данокот на додадена вредност е ослободен од обврската да пресмета и да плати данок на додадена вредност.

Даночниот обврзник кој врши промет за кој е ослободен од данок на додадена вредност согласно со ставовите 1, 3, 4 и 6 на овој член, задолжително, освен име (назив) на примателот на доброто или корисникот на услугата, во фактурата го наведува и називот на проектот и називот на Договорот за заем од членот 2 од овој закон.

Избраниот изведувач при увоз на добрата/стоките ослободени согласно со ставот 5 на овој член, на надлежниот царински орган задолжително му доставува копија од Договорот за заем од членот 2 од овој закон, потврда од Министерството за животна средина и просторно планирање дека избраниот изведувач е избран да врши договорни работи на Регионалниот проект за цврст отпад и изјава дека увезените добра/стоки се наменети за реализација на Регионалниот проект за цврст отпад, финансиран со Договорот за заем од членот 2 од овој закон.

Прометот на добра и услуги од ставовите 4 и 6 на овој член, како и увозот на добра/стоки од ставот 5 на овој член, не може да го надмине износот од договорот меѓу Министерството за животна средина и просторно планирање и избраниот изведувач за вршење на договорните работи наменети за реализација на Регионалниот проект за цврст отпад, финансиран со Договорот за заем од членот 2 од овој закон.

Член 8

За остварување на ослободувањето од членот 7 ставови 2 и 5 од овој закон, Министерството за животна средина и просторно планирање, односно избраниот изведувач, поднесува барање до Министерството за финансии - Царинска управа.

Формата и содржината на барањето од ставот 1 на овој член и потребната документација, која треба да се достави кон барањето, ги пропишува министерот за финансии.

Член 9

Добрата/стоките кои биле ослободени од плаќање увозни давачки врз основа на членот 7 ставови 2 и 5 од овој закон, во рок од три години од денот на увозот, не смеат да се отуѓат, да се дадат на користење на друг, да се позајмат или поинаку да се употребат за други цели, а не за оние за кои биле ослободени од плаќање увозни давачки пред да бидат платени увозните давачки. Таквите предмети не смеат да се дадат во залог, да се изнајмат или да се дадат како осигурување за други обврски.

Доколку имателот на правото пред истекот на рокот од ставот 1 на овој член, добрата/стоките кои биле ослободени од плаќање увозни давачки врз основа на членот 7 ставови 2 и 5 од овој закон има намера да ги употреби за други цели, а не за оние за кои биле ослободени од плаќање увозни давачки, поднесува барање за плаќање царински долг до царинскиот орган.

Висината на царинскиот долг од ставот 2 на овој член, царинскиот орган го пресметува врз основа на елементите за утврдување давачки што важеле во моментот на поднесување на барањето за плаќање царински долг.

Во случај на непридржување на одредбите од ставовите 1 и 2 на овој член, висината на царинскиот долг се пресметува врз основа на елементите за утврдување давачки во моментот на прифаќање на царинската декларација, врз основа на која стоката била ослободена од плаќање увозни давачки.

Член 10

Подзаконскиот акт предвиден со овој закон ќе се донесе во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 11

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.